СПЕЦИФИЧНИ ДЕСКРИПТОРИ
согласно Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации
Студиска програма: **Македонски јазик и книжевност – Наставна насока**
Циклус на квалификации: I циклус, 240 ЕКТС, VI A

| **Тип на дескриптор** | **Опис** |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Демонстрираат способност за усно и писмено изразување на македонски јазик; Покажуваат знаење и разбирање на различни јазични/граматички структури, форми и конструкции во македонскиот јазик; Покажуваат теоретски знаења од областа на усвојувањето на мајчиниот и странскиот јазик, планирање на наставата по македонски јазик, организирање на наставен час, како и следење и оценување на напредокот на учениците. |
| Примена на знаењето и разбирањето | Демонстрираат комуникативна компетенција (писмена и усна) на македонски јазик и правилна употреба на различни јазични/граматички структури, форми и конструкции; Покажуваат способност за применување на општите законитости на наставниот процес, како и способност за планирање, анализирање и вреднување на наставната работа. |
| Способност за проценка | Демонстрираат способност за собирање, оценување и анализирање на информации поврзани со наставниот процес и нивна интерпретација и презентација; Донесуваат логички заклучоци во планирањето и изведувањето на наставата, водејќи сметка за личните, социјалните, научните и етичките аспекти; |
| Комуникациски вештини | Можат да комуницираат и поврзуваат идеи, проблеми и решенија од различни сегменти на наставниот процес; Поседуваат способност за негување заемен однос на наставникот со учениците, базиран на почит и разбирање; Иницираат форми на организирана соработка со родителите на учениците; ПР-вештини: способност за отворена комуникација, модераторски вештини и организациски способности. |
| Вештини на учење | Демонстрираат способност за успешно автономно учење и примена на сознанијата во наставата по македонски јазик; Медиумски компетенции: пишување блогови, водење веб-страници, поткасти и интервјуа. |